Влада на Република Северна Македонија

# ЗАПИСНИК

од Сто педесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 24 септември 2019 година

Скопје, септември 2019 година

# З А П И С Н И К
## од Сто педесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 24 септември 2019 година

Седницата започна во 12:30 часот.

На седницата претседаваше заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска Јанковска.

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски и заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Садула Дураки и членовите на Владата на Република Северна Македонија, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Трајан Димковски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Горан Милевски, министер за локална самоуправа, Хусни Исмаили, министер за култура, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Елвин Хасан, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Зорица Апостолска, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, м-р Хисен Џемаили, министер без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија и Музафер Бајрам, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Северна Македонија, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на седницата присуствуваа и м-р Андреј Жерновски, заменик на министерот за надворешни работи, Ѓонул Бајрактар, заменик на министерот за труд и социјална политика, Елизабета Наумовска, заменик на министерот за образование и наука, Оливер Ристовски, заменик на министерот за правда и Асим Муса, заменик на министерот за здравство, како и Јулијана Петановска, државен секретар во Министерството за финансии.

На седницата присуствуваа и Муамет Хоџа, портпарол на Владата на Република Северна Македонија и Зоран Ѓорѓиев, директор на Јавно претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“ - П.О. Скопје.

Од седницата отсуствуваа, претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори д-р Кочо Анѓушев и заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија,

задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи и членовите на Владата д-р Нина Ангеловска, министер за финансии, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, Мила Царовска, министер за труд и социјална политика, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука, д-р Рената Дескоска, министер за правда, д-р Венко Филипче, министер за здравство, д-р Бардуљ Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора.

*

* *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

- Усвојување на Записникот од 151-та седница на Владата, одржана на 27 август 2019 година

- Усвојување на Записникот од 153-та седница на Владата, одржана на 17 септември 2019 година

**Пред преминување на Дневен ред**

- Извештај од Меѓуресорската работна група за спроведување на Законот за употреба на јазиците

## А) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ВОДИ РАСПРАВА И СЕ ОДЛУЧУВА

**а) гости**

1. Информација за последиците од шумски пожари за периодот од 1.1. до 31.8.2019 година и последиците кои директно влијаат на работењето на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“ - п.о. Скопје

2. Информација за давање согласност на Одлука бр.02-703/5 од 5.9.2019 година на Управниот одбор за кредитно задолжување на ЈП „Национални шуми“ п.о. Скопје, со Предлог-одлука

3. Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на вишокот на средства на дел од акумулираната добивка на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија, Ц.О. Скопје и уплата во Буџетот на Република Северна Македонија

4. Предлог-уредба за изменување и дополнување на Уредбата за распоредувањето на одредени стоки во Комбинираната номенклатура, согласно со регулативите на Европската комисија

5. Предлог-уредба за изменување на Уредбата за спроведување на Царинскиот закон

6. Информација за текот и прогресот на активностите за реализација на проектот „Поддршка на воздухопловна федерација“

7. Барање за согласност за градење на новопредвиден објект АТМ зграда (Air Traffic Management) означен во легенда со бр.19, дефиниран согласно Архитектонско урбанистички проект за Меѓународниот Аеродром Скопје со тех.бр.021/03/2019 од мај 2019 година, заверен со Потврда за заверка од Министерството за транспорт и врски бр.4942/3 од 31.5.2019 година

8. Предлог-одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари на Агенцијата за храна и ветеринарство

9. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за определување на периодот на закуп на градежното земјиште во Технолошко индустриската развојна зона Скопје 1 и за висината на закупнината и Предлог-одлука за престанок на важење на Одлуката за давање на согласност на Анекс-договор бр.2, кон Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште, склучен помеѓу Република Македонија - Влада на Република Македонија, како основач на ТИРЗ Скопје 1, застапувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, Друштвото за производство, трговија и услуги „Макдиа“ ДООЕЛ Скопје и „Диатекс СПА“, како матично друштво на закупопримачот, заведен кај закуподавачот под бр.09-1305/1 од 21.10.2014 година и Анекс-договор бр.1 заведен кај закуподавачот под бр.09-1978/2 од 2.12.2016 година

10. Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот на Институтот за акредитација на Република Северна Македонија, со Предлог-одлука

11. Барање за финансиски средства за изработка на инфраструктурни проекти - Урбанистички план вон населено место Веле Поле

12. Барање за пренесување право на сопственост на објект лоциран на КП бр. 4115/1 КО Крушево на Општина Крушево, без надомест

13. Предлог-одлука за престанок и давање на трајно користење на движна ствар на Национален совет на инвалидските организации

14. Барање доставено од Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен за добивање на работни простории за именуваните и вработени административни службеници и возило за службени потреби

**б) економски систем и тековна економска политика**

15. Предлог-уредба за престанок на важење на Уредбата за начинот на утврдувањето на неповолниот климатски настан, настанатата штета, пресметувањето на загубата на приходот, пресметката на штетата, постапката за исплатата на помошта

16. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А4-времено сместување КО Долно Седларце, Општина Брвеница, со Предлог-одлука

17. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Тетово-вон г.р., Општина Тетово, со Предлог-одлука

18. Информација за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со индивидуален земјоделец „АГРО-КА Благој Александар Серафимов", с. Мородвис, Зрновци, со Предлог-одлука

19. Информација во врска со изменување на просторот на концесијата за експлоатација на минерална суровина - градежнотехнички камен мермеризиран варовник на Друштвото за градежништво, производство и инженеринг увоз - извоз Пелагонија АД Гостивар на локалитетот „Краста", Општина Гостивар и Општина Маврово и Ростуша и просторот на концесијата за експлоатација на минерална суровина - бречирани мермери на АД за производство и услуги „Карбо - Нова" АД Крива Паланка на локалитетот „Краста", Општина Гостивар

20. Информација за потпишување на договор меѓу Република Северна Македонија и организаторите на EXPO Dubai 2020, со Предлог-договор

**в) политички систем**

21. Предлог-закон за ратификација на Конвенцијата за намалување на бездржавјанство

22. Предлог-одлука за давање согласност за именување на Анета Антова-Пешева за почесен конзул на Канада во Република Северна Македонија, со седиште во Скопје

**г) човечки ресурси и одржлив развој**

23. Предлог-закон за материјално обезбедување на невработените лица поради приватизацијата на претпријатијата со доминантна сопственост на државата

24. Предлог-закон за контрола на опојни дроги и психотропни супстанции

25. Предлог-програма за изменување на Програмата за обезбедување средства за болничко лекување без наплата на учество (партиципација) за пензионери и за обезбедување на средства за специјалистичко-консултативни и болнички здравствени услуги за корисниците на правото на социјална парична помош, како и на членовите на нивните домаќинства во Република Македонија за 2019 година

26. Предлог-програма за изменување на Програмата за обезбедување на трошоците за болни кои се третираат со дијализа и активности за пациентите со хемофилија во Република Македонија за 2019 година

27. Информација за вклучување на македонските училишта во иницијативата за саморефлексија при користење на дигитална технологија во образовниот процес - употреба на алатката SELFIE

28. Информација во врска со потребата од обезбедување на простор за НУ „Театар комедија" - Скопје

## Б) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ОДЛУЧУВА БЕЗ РАСПРАВА

### а) економски систем и тековна економска политика

29. Предлог-одлука за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Агенција за храна и ветеринарство на Република Северна Македонија

30. Предлог-одлука за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - минерална вода на Друштвото за производство, трговија и услуги Планинска вода ДОО Лазарополе, Маврово - Ростуша на локалитетот „с.Гари", Општина Дебар

### б) политички систем

31. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2019/1171 на Советот од 8 јули 2019 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2017/2074 за рестриктивни мерки во однос на ситуацијата во Венецуела

### в) човечки ресурси и одржлив развој

32. Предлог-одлука за утврдување на износ на вредност на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и на директорот на Јавната установа за деца - Детско одморалиште „Илинден" - Гостивар за 2019 година

33. Предлог-одлука за начинот на наплата на износот за „ДЕТСКА НЕДЕЛА" во времето од 7 до 13.10.2019 година

34. Предлог-одлука за престанок на користење на недвижна ствар на Министерството за здравство

**г) предлози по кои Владата дава мислење**

**(а) по барање на Собранието на Република Северна Македонија**

**(б) по барање на органи, организации и други правни лица**

35. Иницијатива доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.115/2019 за поведување на постапка за оценување на уставноста на Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/2019), поднесена од Комисијата за спречување и заштита од дискриминација од Скопје

36. Понуда од нотар Олга Димовска од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 103002 КО Ѓорче Петров 4 - Влае на КП бр. 7047 дел 13 и КП бр. 7047 дел 5 викано место/улица „Беришка"

37. Понуда од нотар Насер Зибери од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 586 КО Злокуќани на КП бр. 136 дел 1, КП бр. 136 дел 3 и КП бр. 136 дел 4 викано место „Зајчев Рид"

38. Понуда од нотар Нита Џафери-Исени од Тетово за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 102293 за КО Тетово 1 на КП бр. 2991 викано место/улица „ЈНА 124"

39. Понуда од нотар Елена Ристовска од Штип за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 16541 за КО Штип на КП 4 викано место/улица „Герен"

**д) други предлози**

40. Кадровски прашања

41. Прашања и предлози

## В) ЗА ИНФОРМИРАЊЕ

42. Известување за искористени нафта и нафтени деривати отстапени од Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати за август 2019 година

43. Информација за текот и прогресот на активностите за реализација на Проектот за надградба на македонскиот систем за воздухопловна навигација 02, финансиран со кредит за долгорочно задолжување од ЕБОР, со дополнување

44. Информација за вклучување на Меѓународната организација на трудот и дополнување на Меморандумот за соработка за обезбедување ефикасна и координирана соработка во спроведувањето на заедничка медиумска кампања за промовирање на стручните занимања и можностите за стручно образование во Македонија во периодот 2018-2021 година, со дополнувања

## Г) ДОПОЛНИТЕЛНИ ТОЧКИ

45. Информација за доделување државна помош на Друштвото за производство на електрична и топлинска енергија ТЕ-ТО АД Скопје

46. Информација од претседавачот на Координативното тело во врска со потребата од ангажирање на советник по швајцарско право во рамките на поведена арбитражна постапка од страна на „ЕЛ.ПЕТ. БАЛКАНИКИ“, „СОСИЕТЕ АНОНИМ ПЕТРОЛЕУМ“ како тужител против Република Северна Македонија како тужена под број 24112/ГР кај Меѓународниот арбитражен суд при Меѓународната трговска комора во Париз, со прилози

47. Предлог-закон за лобирање

48. Информација за отпочнување со реализација на проектот: Изградба на примарна фекална канализација за населено место Арачиново, Општина Арачиново

49. Предлог-лиценца за приредување на игри на среќа во автомат клуб на Друштвото за приредување игри на среќа „Казино меркур“ ДОО увоз-извоз Гостивар, во деловната просторија која се наоѓа на ул. „ЈНА“ бр.91, Гостивар

50. Предлог-лиценца за приредување на игри на среќа во обложувалница на Друштвото за спортски обложувалници и игри на среќа, трговија и услуги „Златна копачка-еден“ ДОО Скопје, кое се наоѓа на ул. Сава Ковачевиќ“ бр.27 во Скопје

51. Предлог-лиценца за приредување на игри на среќа во казино на Друштвото за угостителство, туризам и услуги „К.А.К.“ ДОО Скопје, во деловната просторија „Холидеј Ин“ казино - Скопје која се наоѓа во состав на хотел „Холидеј Ин“ на ул. „Филип Втори Македонски“ бр.5 во Скопје

52. Предлог-лиценца за приредување на игри на среќа во казино на Друштвото за угостителство, туризам и услуги „К.А.К.“ ДОО Скопје во деловната просторија „Ле Гранд“ казино-Битола која се наоѓа во состав на хотел „Епинал“ на ул. „Широк сокак“ бр.62 во Битола

53. Информација за потребата од донесување на Годишен план на Владата на Република Северна Македонија за склучување на договори за набавка на стоки, услуги и работи во

областа на одбраната и безбедноста со влади на странски држави за 2019 година, со Годишен план

54. Предлог-одлука за формирање на Национален совет за информациски и комуникациски технологии и Предлог-решение за именување на претседател, заменик - претседател, членови и нивни заменици на Националниот совет за информациски и комуникациски технологии

*

* *

Владата без забелешки ги усвои записниците од 151 и 153 седница на Владата, одржани на 27 август 2018 година и 17 септември 2019 година.

*

* *

**Пред преминување на Дневен ред:**

- **Извештај од Меѓуресорската работна група за спроведување на Законот за употреба на јазиците**

Владата по Извештајот од Меѓуресорската работна група за спроведување на Законот за употреба на јазиците го донесе следниот заклучок:

- Се задолжуваат сите органи на државната управа, а се укажува, односно се препорачува на другите државни органи и сите единици на локалната самоуправа и Градот Скопје при изготвување на таблите со називите на институцијата да ги почитуваат одредбите од Законот за употреба на јазиците.

*

* *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата во врска со Информацијата за последиците од шумски пожари за периодот од 1.1. до 31.8.2019 година и последиците кои директно влијаат на работењето на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“ - п.о. Скопје ги задолжи Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за финансии и Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“ - п.о. Скопје за наредната седница на Владата да доставaт конкретен предлог за обезбедување на потребните финансиски средства на Јавното претпријатие за

стопанисување со државните шуми „Национални шуми“ - п.о. Скопје за санирање и пошумување на површините зафатени од шумските пожари, кој претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**<u>Точка 2</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност на Одлука бр.02-703/5 од 5.9.2019 година на Управниот одбор за кредитно задолжување на ЈП „Национални шуми“ п.о. Скопје, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за кредитно задолжување на ЈП „Национални шуми“ - п.о. - Скопје, во предложениот текст.

**<u>Точка 3</u>**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на вишокот на средства на дел од акумулираната добивка на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија, Ц.О. Скопје и уплата во Буџетот на Република Северна Македонија, во предложениот текст.

**<u>Точка 4</u>**

Владата го донесе новиот текст на Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за распоредувањето на одредени стоки во Комбинираната номенклатура согласно со регулативите на Европската комисија (*), во предложениот текст.

**<u>Точка 5</u>**

Владата го донесе новиот текст на Уредбата за изменување на Уредбата за спроведување на Царинскиот закон, во предложениот текст.

**<u>Точка 6</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за текот и прогресот на активностите за реализација на проектот „Поддршка на воздухопловна федерација“ и ја усвои Информацијата со следниот заклучок:

- Се задолжува М-НАВ АД Информацијата за текот и прогресот на активностите за реализација на проектот „Поддршка на воздухопловна федерација“ да ја доставува еднаш годишно до Владата.

**<u>Точка 7</u>**

Владата го разгледа Барањето за согласност за градење на новопредвиден објект АТМ зграда (Air Traffic Management) означен во легенда со бр.19, дефиниран согласно Архитектонско урбанистички проект за Меѓународниот Аеродром Скопје со

тех.бр.021/03/2019 од мај 2019 година, заверен со Потврда за заверка од Министерството за транспорт и врски бр.4942/3 од 31.5.2019 година и го усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува АД во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација „М-НАВ“, АД Скопје во рок од 15 дена во име на Владата на Република Северна Македонија до Министерството за транспорт и врски да поднесе барање за одобрение за градење на новопредвидениот објект АТМ зграда (Air Traffic Management) означен во легенда со бр.19 со архитектонско-урбанистички параметри дефинирани согласно Архитектонско урбанистички проект за Меѓународен Аеродром Скопје со тех.бр.021/03/2019 од мај 2019 година, заверен со Потврда за заверка од Министерството за транспорт и врски бр.4942/3 од 31.5.2019 година.

2. Се задолжува Министерството за транспорт и врски по поднесено барање од точка 1 од овие заклучоци, да спроведе постапка за издавање на одобрение за градење за новопредвидениот објект АТМ зграда (Air Traffic Management) означен во легенда со бр.19 со архитектонско-урбанистички параметри дефинирани согласно Архитектонско урбанистички проект за Меѓународен аеродом „Скопје“ со тех.бр.021/03/2019 од мај 2019 година, заверен со Потврда за заверка од Министерство за транспорт и врски бр.4942/3 од 31.5.2019 година и по исполнување на законски предвидените услови да издаде одобрение за градење на име на Република Северна Македонија - АД во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација „М-НАВ“ АД Скопје.

<u>**Точка 8**</u>

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Агенцијата за храна и ветеринарство, во предложениот текст.

<u>**Точка 9**</u>

Владата ја одложи од разгледување Предлог-одлуката за изменување на Одлуката за определување на периодот на закуп на градежното земјиште во Технолошко индустриската развојна зона Скопје 1 и за висината на закупнината и Предлог-одлуката за престанок на важење на Одлуката за давање на согласност на Анекс-договор бр.2, кон Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште, склучен помеѓу Република Македонија - Влада на Република Македонија, како основач на ТИРЗ Скопје 1, застапувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, Друштвото за производство, трговија и услуги „Макдиа“ ДООЕЛ Скопје и „Диатекс СПА“, како матично друштво на закупопримачот, заведен кај закуподавачот под бр.09-1305/1 од 21.10.2014 година и Анекс-договор бр.1 заведен кај закуподавачот под бр.09-1978/2 од 2.12.2016 година за наредната седница на Владата поради потребата Министерството за транспорт и врски да достави мислење по материјалот, како и потребата Агенцијата за катастар на недвижности да достави ново мислење по однос на новите текстови на Предлог-одлуките.

По донесувањето на овие одлуки, Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони во редовна владина процедура да ја достави Предлог-одлуката за давање на согласност на

Анекс-договорот бр.2 кон Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште склучен помеѓу Република Македонија - Влада на Република Македонија како основач на ТИРЗ Скопје 1, застапувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, Друштвото за производство, трговија и услуги „Макдиа“ ДООЕЛ Скопје и „Диатекс СПА“, како матично друштво на закупопримачот, заведен кај закуподавачот под бр.09-1305/1 од 21.10.2014 година и Анекс-договор бр.1 заведен кај закуподавачот под бр.09-1978/2 од 2.12.2016 година.

## Точка 10

Владата го одложи разгледувањето на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Институтот за акредитација на Република Северна Македонија, со Предлог-одлука, за наредната седница на Владата.

## Точка 11

Владата по Барањето за финансиски средства за изработка на инфраструктурни проекти - Урбанистички план вон населено место Веле Поле го задолжи Министерството за здравство во рок од седум дена да организира состанок со Министерството за транспорт и врски и Министерството за финансии и во рамките на можностите на буџетите на министерства до Владата да дадат Предлог-решение како ќе се финансира изработката на инфраструктурни проекти - Урбанистички план вон населено место Веле Поле.

## Точка 12

Владата по Барањето за пренесување право на сопственост на објект лоциран на КП бр. 4115/1 КО Крушево на Општина Крушево, без надомест, го донесе најновиот текст на Одлуката за пренесување во сопственост недвижна ствар на Општина Крушево, во предложениот текст.

## Точка 13

Владата го разгледа најновиот текст на Предлог-одлуката за престанок и давање на трајно користење на движна ствар на Национален совет на инвалидските организации и ја донесе Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движна ствар на Национален совет на инвалидските организации, во предложениот текст.

## Точка 14

Владата по Барањето доставено од Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен за добивање на работни простории за именуваните и вработени административни службеници и возило за службени потреби заклучи:

1. Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да ја разгледа можноста за адаптирање на постојниот простор кој го користи Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, со цел обезбедување на соодветни услови за работа и за истото да ја информира Владата.

2. Се задолжува Агенцијата за управување со одземен имот да обезбеди соодветно моторно возило за потребите на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

## Точка 15

Владата го донесе новиот текст на Уредбата за престанок на важење на Уредбата за начинот на утврдувањето на неповолниот климатски настан, настанатата штета, пресметувањето на загубата на приходот, пресметката на штетата, постапката за исплатата на помошта, во предложениот текст.

## Точка 16

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А4-времено сместување КО Долно Седларце, Општина Брвеница, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А4-времено сместување КО Долно Седларце, општина Брвеница, во предложениот текст.

## Точка 17

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Тетово-вон г.р., Општина Тетово, со Предлог-одлука за наредната седница на Владата, откако претходно ќе биде разгледана на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика поради потреба Агенцијата за катастар на недвижности да достави мислење по Информацијата.

## Точка 18

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со индивидуален земјоделец АГРО-КА Благој Александар Серафимов, с. Families Мородвис, Зрновци, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

**Точка 19**

Владата по Информацијата во врска со изменување на просторот на концесијата за експлоатација на минерална суровина - градежно-технички камен мермеризиран варовник на Друштвото за градежништво, производство и инженеринг увоз - извоз Пелагонија АД Гостивар на локалитетот „Краста“, Општина Гостивар и Општина Маврово и Ростуша и просторот на концесијата за експлоатација на минерална суровина - бречирани мермери на АД за производство и услуги „Карбо - Нова“ АД Крива Паланка на локалитетот „Краста“, Општина Гостивар заклучи:

- Се задолжува Министерството за економија при наредното изменување на Законот за минерални суровини да предвиди решение за надминување на проблемот со преклопување на концесиските полиња, настанати во периодот на важење на Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија“ бр.18/99) како и пред воспоставувањето на Геолошко информацискиот систем (ГИС), односно пред поставување на електронски преглед на доделените концесии.

**Точка 20**

Владата ја разгледа Информацијата за потпишување на договор меѓу Република Северна Македонија и организаторите на EXPO Dubai 2020, со Предлог-договор, ја усвои и ја овласти Олимпија Христова Заевска, генерален комесар на Република Северна Македонија за „EXPO Dubai 2020“ да го потпише Договорот меѓу Република Северна Македонија и организаторите на „EXPO Dubai 2020“.

**Точка 21**

Владата го разгледа Предлог-законот за ратификација на Конвенцијата за намалување на бездржавјанство, го утврди и заклучи согласно член 188 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, Оливер Спасовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за внатрешни работи, м-р Андреј Жерновски, заменик на министерот за надворешни работи и д-р Агим Нухиу, заменик на министерот за внатрешни работи а за повереници Магдалена Несторовска, државен секретар во Министерството за внатрешни работи, Весна Доревска, помошник на министерот за внатрешни работи и Наташа Дескоска, помошник директор во Министерството за надворешни работи.

**Точка 22**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност за именување на Анета Антова - Пешева за почесен конзул на Канада во Република Северна Македонија, со седиште во Скопје, во предложениот текст.

Точка 23

Владата го разгледа најновиот текст на Предлог-законот за материјално обезбедување на невработените лица поради приватизацијата на претпријатијата со доминантна сопственост на државата и имајќи го предвид Мислењето на Министерството за финансии со укажување, надлежната институција финансиските средства за оваа намена да ги обезбеди во рамки на сопствениот буџет, односно во рамки на максималните износи на расходи, го утврди и заклучи, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Мила Царовска, министер за труд и социјална политика и Ѓонул Бајрактар, заменик на министерот за труд и социјална политика, а за повереници Јована Тренчевска, државен секретар во Министерството за труд и социјална политика и Мирјанка Алексевска, раководител на сектор во Министерството за труд и социјална политика.

Истовремено, Владата заклучи Министерството за труд и социјална политика во прилог на материјалот да ја достави Листата на компании од кои ќе бидат опфатени стечајните работници.

Точка 24

Владата го одложи од разгледување Предлог-законот за контрола на опојни дроги и психотропни супстанции(*) за наредната седница на Владата поради потребата истиот да се разгледа во присуство на д-р Венко Филипче, министер за здравство.

Точка 25

Владата го донесе новиот текст на Програмата за изменување на Програмата за обезбедување средства за болничко лекување без наплата на учество (партиципација) за пензионери и за обезбедување на средства за специјалистичко-консултативни и болнички здравствени услуги за корисниците на правото на социјална парична помош, како и на членовите на нивните домаќинства во Република Македонија за 2019 година, во предложениот текст.

Точка 26

Владата го донесе новиот текст на Програмата за изменување на Програмата за обезбедување на трошоците за болни кои се третираат со дијализа и активности за пациентите со хемофилија во Република Македонија за 2019 година, во предложениот текст.

Точка 27

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за вклучување на македонските училишта во иницијативата за саморефлексија при користење на дигитална технологија во

образовниот процес - употреба на алатката SELFIE, го усвои и го задолжи Министерството за образование и наука да достави информација за процесот на пилотирање и планот за имплементација на национално ниво на SELFIE алатката, до крајот на октомври 2019 година.

**Точка 28**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со потребата од обезбедување на простор за НУ „Театар комедија" - Скопје и ја усвои со следниот заклучок:

- Се укажува на АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје да стапи во комуникација со Министерството за култура и НУ Театар комедија - Скопје, со цел заедничко разгледување на можноста за обезбедување на простор за НУ „Театар Комедија" - Скопје, во склоп на реализацијата на Проектот за изградба на објект „Дом на спортови" во Општина Аеродром, а Министерството за култура по остварената комуникација и исходот од истата во рок од 10 дена да ја информира Владата.

**Точка 29**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-одлуката за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Агенција за храна и ветеринарство на Република Северна Македонија за наредната седница на Владата, откако претходно ќе биде разгледана на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика поради потреба Агенцијата за катастар на недвижности да достави мислење по Одлуката.

**Точка 30**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - минерална вода на Друштвото за производство, трговија и услуги Планинска вода ДОО Лазарополе, Маврово - Ростуша на локалитетот „с. Гари", Општина Дебар, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата Министерството за транспорт и врски и Министерството за култура - Управа за заштита на културно наследство, да достават мислење по материјалот.

**Точка 31**

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2019/1171 на Советот од 8 јули 2019 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2017/2074 за рестриктивни мерки во однос на ситуацијата во Венецуела, во предложениот текст.

## Точка 32

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за утврдување на износ на вредност на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и на директорот на Јавната установа за деца - Детско одморалиште „Илинден“ - Гостивар за 2019 година, во предложениот текст.

## Точка 33

Владата ја донесе Одлуката за начинот на наплата на износот за „ДЕТСКА НЕДЕЛА“ во времето од 7 до 13.10.2019 година, во предложениот текст.

## Точка 34

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок на користење на недвижна ствар на Министерството за здравство, во предложениот текст.

## Точка 35

Владата ја разгледа Иницијативата доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.115/2019 за поведување на постапка за оценување на уставноста на Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/2019), поднесена од Комисијата за спречување и заштита од дискриминација од Скопје и притоа го утврди следново мислење:

Во предметната Иницијатива, подносителот наведува дека Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 101/2019) во Собранието на Република Северна Македонија не е усвоен во согласност со Уставот на Република Северна Македонија и со потребното уставно мнозинство, односно Законот бил изгласан со 55 гласови на пратеници од вкупниот број на пратеници наспроти потребните 61 глас, со што директно се прекршил членот 75 од Уставот на Република Северна Македонија, поради што би требало да се поништи законското важење на противуставно усвоениот закон и истиот би требало да се врати на предлагачот.

Владата на Република Северна Македонија смета дека нема повреда на уставните одредби и не е направен прекршок на член 75 од Уставот на Република Северна Македонија.

Согласно член 69 од Уставот на Република Северна Македонија „Собранието може да работи ако на седницата присуствува мнозинството од вкупниот број пратеници. Собранието одлучува со мнозинство гласови од присутните пратеници, а најмалку со една третина од вкупниот број пратеници, ако со Уставот на Република Северна Македонија не е предвидено посебно мнозинство“.

Согласно член 75 од Уставот на Република Северна Македонија „Законите се прогласуваат со указ. Указот за прогласување на законите го потпишуваат Претседателот на Републиката

и претседателот на Собранието. Претседателот на Републиката може да одлучи да не го потпише указот за прогласување на законот. Собранието повторно го разгледува законот и доколку го усвои со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници, претседателот на Републиката е должен да го потпише указот. Претседателот е должен да го потпише указот, доколку според Уставот на Република Северна Македонија, законот се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.“

Имајќи предвид дека за овој закон во Уставот на Република Северна Македонија не е предвидено посебно мнозинство, Собранието одлучувало согласно член 69 од Уставот на Република Северна Македонија, Собранието на Република Северна Македонија на 16 мај 2019 година го усвоил Законот со мнозинство гласови од вкупниот број на присутни пратеници, односно со најмалку една третина од вкупниот број на пратеници.

Согласно член 75 од Уставот на Република Северна Македонија, Собранието на Република Северна Македонија повторно го разгледува Законот и доколку го усвои со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници, Претседателот на Републиката е должен да го потпише указот, што значи дека потребното мнозинство од 61 глас е потребен во случај кога Претседателот на Републиката се задолжува, согласно Уставот на Република Северна Македонија да го потпише указот, но не е пропишано правило за потребно мнозинство во сите случаи, односно одредбата дозволува на повторна одлука на претседателот без искористување на обврската за задолжување.

Во член 110 од Уставот на Република Северна Македонија, е утврдено за кои прашања одлучува Уставниот суд на Република Северна Македонија, при што меѓу другото, е утврдено дека Уставниот суд одлучува за согласноста на законите со Уставот на Република Северна Македонија, а не и за постапката на нивното донесување.

Следствено на наведеното, со оглед дека со Иницијативата не се оспорени одредби од Законот за спречување и заштита од дискриминација, во смисла дека не се во согласност со Уставот на Република Северна Македонија, туку се оспорува начинот на гласање, односно постапката за донесување на Законот, се укажува дека предметниот закон не може да биде предмет на оценување на неговата уставност, поради што се смета дека Иницијативата за поведување постапка за заштита на уставноста и законитоста на Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 101/2019) поднесена од Комисијата за заштита од дискриминација е неоснована, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не поведе постапка за оценување на уставноста на наведениот закон.

## Точка 36

Владата ја разгледа Понудата од нотар Олга Димовска од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 103002 КО Ѓорче Петров 4 - Влае на КП бр. 7047 дел 13 и КП бр. 7047 дел 5 викано место/улица „Беришка“ и не ја прифати Понудата имајќи го предвид мислењето на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 37

Владата ја разгледа Понудата од нотар Насер Зибери од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 586 КО Злокуќани на КП бр. 136 дел 1, КП бр. 136 дел 3 и КП бр. 136 дел 4 викано место „Зајчев Рид“ и не ја прифати Понудата имајќи го предвид Мислењето на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 38

Владата ја разгледа Понудата од нотар Нита Џафери - Исени од Тетово за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 102293 за КО Тетово 1 на КП бр. 2991 викано место/улица ЈНА 124 и не ја прифати Понудата имајќи го предвид Мислењето на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 39

Владата ја разгледа Понудата од нотар Елена Ристовска од Штип за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 16541 за КО Штип на КП 4 викано место/улица „Герен“ и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 40

1. Владата на Насер Демири му утврди престанок на функцијата заменик директор на Управата за јавни приходи, орган во состав на Министерството за финансии, поради истек на мандатот.

2. Владата ја разреши Елеонора Настова Димова од должноста член на Координативното тело за интелектуална сопственост.

2.1. Владата го именува Александар Мусалевски за член на Координативното тело за интелектуална сопственост.

3. Владата на Фарук Алили му утврди престанок на мандатот член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом „Куманово“-Куманово, на негово барање.

4. Владата за претседател и членови на Националниот совет за културното наследство, ги именува:

а) за претседател
- Хусни Исмаили, министер за култура

б) за членови
- Ацо Костов, директор на Управата за заштита на културното наследство,
- м-р Мемет Селмани, директор на НУ Национален конзерваторски центар-Скопје,

- м-р Зоран Павлов, раководител на сектор во Управата за заштита на културното наследство,
- д-р Дита Старова Керими, директор на НУ Национална галерија на Македонија,
- м-р Јехона Спахиу, советник-конзерватор, НУ Национален конзерваторски центар,
- проф. д-р Димитрије Бужаровски, Факултет за музичка уметност УКИМ-Скопје,
- д-р Миле Велчовски, археолог конзерватор-советник во НУ Национален конзерваторски центар,
- доц. д-р Гоце Наумов, НУ Музеј на Македонија,
- проф. д-р Елизабета Касапова, Архитектонски факултет УКИМ Скопје,
- проф. д-р Ајтен Ќамили, вонреден професор на Филолошки факултет „Блаже Конески“, при УКИМ Скопје и
- проф. Назим Ибрахим, Филолошки факултет„Блаже Конески“, при УКИМ Скопје.

5. Владата го разреши Марјан Ампев од должноста член на Управниот одбор-претставник на основачот на Државниот студентски дом „Пелагонија“ - Скопје.

5.1. Владата го именува Никола Рилак за член на Управниот одбор-претставник на основачот на Државниот студентски дом „Пелагонија“ - Скопје.

**Точка 41**

1. Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија за периодот од 16 септември 2019 година до 22 септември 2019 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија.

2. Согласно Заклучокот од Сто педесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 10 септември 2019 година, точка 52, со кој Националната установа Конзерваторски центар - Скопје е задолжена да достави извештај за реализирање на Програмата за 2018 година и да извести за текот и степенот на реализација на Програмата за 2019 година, Владата заклучи материјалот на НУ Конзерваторски центар - Скопје да се разгледа на наредната седница на Владата.

3. По повод информирањето на м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Владата го задолжи Министерството за здравство, за наредната седница да достави информација со статус на реализација и фаза на изградбата на општата болница во Кичево.

4. Во врска со Заклучокот на Владата по повод Информацијата со насока за постапување на Министерството за внатрешни работи од Меѓуресорската работна група за спроведување на Законот за употреба на јазиците, усвоен на 154-та седница на Владата, одржана на 17 септември 2019 година, Владата заклучи истиот да се измени и да гласи:

„- Се задолжува Министерството за внатрешни работи да ги издава возачките дозволи согласно Законот за употреба на јазиците, на начин како и личните карти.“.

5. Владата заклучи Заклучокот бр.2 по Точка 28 (Информација за склучување на Технички аранжман меѓу Министерството за национална одбрана на Грција и Министерството за одбрана на Република Северна Македонија за извршување на летови за воздушно патролирање (Air Policing) во македонскиот воздушен простор -Skopje FIR (LWSS), со усогласен текст на Технички аранжман) донесен на Сто четириесет и деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 13 август 2019 година кој гласи:

„ 2. Се определува м-р Радмила Шекеринска Јанковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана, во име на Владата на Република Северна Македонија, да го потпише Техничкиот аранжман меѓу Министерството за национална одбрана на Грција и Министерството за одбрана на Република Северна Македонија за извршување на летови за воздушно патролирање (Air Policing) во македонскиот воздушен простор - Skopje FIR (LWSS).“ да се измени и да гласи:

„Се овластува генерал - потполковник Васко Ѓурчиновски, началник на Генералштабот на Армијата на Република Северна Македонија, да го потпише Техничкиот аранжман меѓу Министерството за национална одбрана на Грција и Министерството за одбрана на Република Северна Македонија за извршување на летови за воздушно патролирање (Air Policing) во македонскиот воздушен простор - Skopje FIR (LWSS).

## Точка 42

Владата го разгледа Известувањето за искористени нафта и нафтени деривати отстапени од Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати за август 2019 година, како материјал за информирање.

## Точка 43

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за текот и прогресот на активностите за реализација на Проектот за надградба на македонскиот систем за воздухопловна навигација 02, финансиран со кредит за долгорочно задолжување од ЕБОР, со дополнувањето, како материјал за информирање.

## Точка 44

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за вклучување на Меѓународната организација на трудот и дополнување на Меморандумот за соработка за обезбедување ефикасна и координирана соработка во спроведувањето на заедничка медиумска кампања за промовирање на стручните занимања и можностите за стручно образование во Македонија во периодот 2018-2021 година, со дополнувањата, како материјал за информирање.

## Точка 45

Владата ја разгледа Информацијата за доделување државна помош на Друштвото за производство на електрична и топлинска енергија ТЕ-ТО АД Скопје и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Владата ќе ја извести Комисијата за заштита на конкуренцијата за планираното доделување на државната помош и ќе побара нејзино произнесување за дозволеноста на истото.

2. Се укажува на Друштвото за производство на електрична и топлинска енергија ТЕ-ТО АД Скопје, во рок од два дена по приемот на Заклучокот на Владата на Република Северна Македонија до Владата да достави елаборат во кој ќе бидат опфатени:

- прашања во врска со енергетскиот биланс, односно колкаво е нивното учество во севкупното производство на електрична и топлинска енергија во државата,

- произнесување по однос на еколошки прашања во врска со нивното работење и производство на електрична и топлинска енергија и

- кој е економскиот бенефит од нивното работење за државата, особено во поглед на приходите на државата, задржување на вработените и какви последици би настапиле доколку Друштвото престане да функционира.

## Точка 46

Владата ја разгледа Информацијата од претседавачот на Координативното тело во врска со потребата од ангажирање на советник по швајцарско право во рамките на поведена арбитражна постапка од страна на ЕЛ.ПЕТ. БАЛКАНИКИ, СОСИЕТЕ АНОНИМ ПЕТРОЛЕУМ како тужител против Република Северна Македонија како тужена под број 24112/ГР кај Меѓународниот арбитражен суд при Меѓународната трговска комора во Париз, со прилози и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Ја прифати содржината на Писмото за ангажирање и Полномошното издадено на адвокатската куќа ДЕКХЕРТ за застапување во арбитражната постапка во предметот ICC Case 24112/GR поведен пред Меѓународниот арбитражен суд при Меѓународната трговска комора во Париз врз основа на Договор за купопродажба на акции и концесија, склучен на 8.5.1999 година, ратификуван на 28 април 1998 година од страна на ЕЛ.ПЕТ. БАЛКАНИКИ СОСИЕТЕ АНОНИМ ПЕТРОЛЕУМ како тужител против Република Северна Македонија како тужена, како правен застапник да се ангажира DECHERT, LLP, реномирана адвокатска фирма, со седиште во Париз, Франција.

2. Го прифати предлогот за ангажман на професорот Силвиан Маршанд, да биде вклучен како експерт по швајцарско право кој ќе работи со адвокатската фирма DECHERT, LLP со цел заштита на правата и правните интереси на Република Северна Македонија за потребите на

предметот ICC Case 24112/GR поведен пред Меѓународниот арбитражен суд при Меѓународната трговска комора во Париз, со тоа што трошокот за неговиот ангажман ќе биде вклучен и исплаќан преку фактурите на адвокатската куќа DECHERT, LLP.

3. Се овластува заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори во име на Владата на Република Северна Македонија да ја информира адвокатската фирма ДЕКХЕРТ (DECHERT, LLP) за ангажирање и вклучување на професорот Силвиан Маршанд како експерт по швајцарско право како и за ставот на Владата на Република Северна Македонија, трошокот за ангажман да биде вклучен во фактурите на адвокатската фирма DECHERT, LLP, кои во иднина ќе бидат доставувани врз основа на Писмото за ангажирање, Полномошното и Заклучокот број 2 од оваа информација.

**Точка 47**

Владата го разгледа новиот текст на Предлог-законот за лобирање, го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Рената Дескоска, министер за правда и Оливер Ристовски, заменик на министерот за правда, а за повереници м-р Фатон Сељами, државен секретар во Министерството за правда и д-р Мимоза Киковска - Стојменова, државен советник во Министерството за правда.

**Точка 48**

Владата ја разгледа и усвои Информацијата за отпочнување со реализација на проектот: Изградба на примарна фекална канализација за населено место Арачиново, Општина Арачиново.

**Точка 49**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-лиценцата за приредување на игри на среќа во автомат клуб на Друштвото за приредување игри на среќа „Казино меркур“ ДОО увоз-извоз Гостивар, во деловната просторија која се наоѓа на ул.„ЈНА“ бр.91, Гостивар.

**Точка 50**

Владата ја издаде Лиценцата за приредување на игри на среќа во обложувалница на Друштвото за спортски обложувалници и игри на среќа, трговија и услуги „Златна копачка-еден“ ДОО Скопје, кое се наоѓа на ул. Сава Ковачевиќ“ бр.27 во Скопје, во предложениот текст.
Ѓонул Бајрактар, заменик на министерот за труд и социјална политика гласаше против за издавање на Лиценцата.

## Точка 51

Владата ја донесе Лиценцата за приредување на игри на среќа во казино на Друштвото за угостителство, туризам и услуги „К.А.К.“ ДОО Скопје, во деловната просторија „Холидеј Ин“ казино - Скопје која се наоѓа во состав на хотел „Холидеј Ин“ на ул.„Филип Втори Македонски“ бр.5 во Скопје, во предложениот текст.

Ѓонул Бајрактар, заменик на министерот за труд и социјална политика гласаше против за издавање на Лиценцата.

## Точка 52

Владата ја издаде Лиценцата за приредување на игри на среќа во казино на Друштвото за угостителство, туризам и услуги „К.А.К.“ ДОО Скопје во деловната просторија „Ле Гранд“ казино-Битола која се наоѓа во состав на хотел „Епинал“ на ул. „Широк сокак“ бр.62 во Битола, во предложениот текст.

Ѓонул Бајрактар, заменик на министерот за труд и социјална политика гласаше против за издавање на Лиценцата.

## Точка 53

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на Годишен план на Владата на Република Северна Македонија за склучување на договори за набавка на стоки, услуги и работи во областа на одбраната и безбедноста со влади на странски држави за 2019 година, со Годишен план и ја усвои со следниот заклучок:

- Го донесе Годишниот план на Владата на Република Северна Македонија за склучување на договори за набавка на стоки, услуги и работи во областа на одбраната и безбедноста со влади на странски држави за 2019 година, со заклучок Министерството за одбрана, Министерството за финансии и Секретаријатот за законодавство да се усогласат во однос на формата и содржината на планот.

Истовремено, Владата го задолжи Бирото за јавни набавки итно да ги достави подзаконските акти што произлегуваат од Законот за јавните набавки, во областа на одбраната и безбедноста.

## Точка 54

Владата ја донесе Одлуката за формирање на Национален совет за информациски и комуникациски технологии, во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи Предлог-решението за именување на претседател, заменик - претседател, членови и нивни заменици на Националниот совет за информациски и комуникациски технологии да се разгледа на наредната седница на Владата.

*

*           *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 14:15 часот.

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

д-р Драги Рашковски

ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

м-р Радмила Шекеринска Јанковска